**Известување за концентрација со која МАКЕДОНИЈАТУРИСТ Скопје, ќе стекне право на закуп над хотел-дел од спортскиот комплекс „Јане Сандански“ Скопје (предмет бр. 08-114/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Хотелско-угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 5 Скопје-Центар ќе стекне право на закуп (користење) на недвижен имот кој претставува хотел-дел од спортскиот комплекс „Јане Сандански“ со кој управува **Друштвото за спорт и рекреација „СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАНЕ САНДАНСКИ“ ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на Булевар „АСНОМ“ бр. 1, Скопје - Аеродром, ЕМБС 6837093, ЕДБ 4057012520022.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Хотелско-угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ Скопје** е акционерско друштво во сопственост на повеќе акционери, чија дејност е хотелско сместување во градот Скопје. Хотелско-угостителско акционерско друштво МАКЕДОНИЈАТУРИСТ Скопје во своето портфолио има 4 (четири) хотели, и тоа: Holiday Inn Скопје со 5 ѕвезди, Хотел Турист со 4 ѕвезди, Хотел Карпош со 4 ѕвезди и Хотел Bellevue со 4 ѕвезди. Хотелските брендови имаат слобода да бидат јасни и препознатливи, а групацијата обезбедува чадор на кредибилитет и стандард. Покрај хотелите, Друштвото управува и со ресторани и конгресни содржини во рамки на хотелите.

**Друштвото за спорт и рекреација „СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЈАНЕ САНДАНСКИ“ ДООЕЛ Скопје** склучил Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со изградба на спортски комплекс „Јане Сандански“ со јавниот партнер општина Аеродром на ден 08.01.2013 година. Врз основ на овој Договор, Закуподавецот има единствено и ексклузивно право на стопанисување со комплексот кој се состои од спортски објекти и еден хотел кој работи под брендот хотел „Русија“со 4 ѕвезди.

За потребите на оценка на предметната концентрација подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за хотелско сместување со 4 ѕвезди на територијата на Град Скопје и општините во Град Скопје.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.07.2026 година
Скопје